Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/16

З А П И С Н И К
од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на
11 март 2020 година

**Скопје, март 2020 година**
**З А П И С Н И К**
**од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2020 година**

Седницата започна во 14:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџад Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички

систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од состанокот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, одржан на 11 март 2020 година, во врска со потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус)

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 11 март 2020 година, во врска со потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус) и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, со цел превенција и ширење на овој вирус, Владата ги усвои следниве заклучоци, мерки и препораки:

1. Ги утврди следните категории на лица кои треба да бидат ослободени од работа и работни активности врз основа на приложена потврда од матичен лекар за следниве состојби:
- Хронични респираторни заболувања;
- Тешки кардиоваскуларни заболувања;
- Дијабет - ТИП1;
- Малигни заболувања; и

- Имуно-компромитирачки состојби.

Согласно ова, се задолжува Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести, да подготват и да достават листа со дијагнози во врска со горенаведените здравствени состојби.

2. Сите вработени лица од здравствениот сектор да не користат годишни одмори, платени и неплатени отсуства, за време на овој период.

3. Се задолжува Институтот за јавно здравје да подготви текст/порака за пишаните и електронските медиуми во однос на почитување на препораките против COVID-19, која да биде доставена до Министерството за здравство, за понатамошно процесуирање и објавување.

4. Се задолжува Министерството за здравство, телефонскиот број на АЛО ДОКТОРЕ од флаерот да го пренамени во call-центар со зголемен капацитет кој ќе дава одговори/информации во врска со болеста COVID-19 (корона вирус).

5. Се препорачува на ЈП Македонска радио – телевизија, редовно, на дневна основа, преку телевизиските канали и на собранискиот канал да ги емитува (објавува) сите заклучоци, мерки и препораки усвоени од Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус), како и прес конференциите на оваа тема.

6. Се укажува на АД МИА – Скопје, редовно, на дневна основа да ги објавува сите заклучоци, мерки и препораки усвоени од Владата на Република Северна Македонија за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус), како и прес конференциите на оваа тема.

7. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, за вработените лица во овие институции и фирми кои користат оправдано отсуство согласно донесените заклучоци, мерки и препораки на Владата, до надлежните организациони единици за човечки ресурси во нивните институции да побараат од овие лица да доставaт доказ/потврда за основот на користење на ова оправдано отсуство, (потврда издадена од детската градинка или уплатница за платен надомест за престој во детска градинка, копија од патна исправа за возраста на детето или копија од извод од матична книга на родени, потврда за редовен ученик од образовните институции или копија од свидетелство).

8. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, за вработените лица во овие институции и фирми кои имаат малолетно

дете со навршена возраст до 10 години или активно четврто одделение за кого е неопходна домашна грижа, еден родител да биде ослободен од работа и работни активности и неговото отсуство за време на овој период да биде евидентирано како оправдано од работодавачот.

Овој заклучок се однесува и на самохраните родители.

Дополнително, децата кои не посетуваат детска градинка или не се вклучени институционално во воспитно – образовниот процес, родителите на овие деца не се ослободени од работа и извршување на работни активности.

9. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, за вработените лица во овие институции и фирми кои користат оправдано отсуство согласно донесените заклучоци, мерки и препораки на Владата, до надлежните организациони единици за човечки ресурси во нивните институции да доставатсвоја лична писмена изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека во секое време ќе бидат достапни на работодавачот за вршење на службени работни задачи и обврски од својот дом, преку комуникација со електронска пошта, или пак, во текот на денот во итни ситуации да бидат и физички на своето работно место, во период од два до три часа (образец Изјава доставен во прилог на овој заклучок).

10. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги зајакне контролите на граничните премини при излез од Република Северна Македонија, особено контролата на автобускиот превоз и дестинацијата.

11. Сите воспитно – образовни институции да воведат ротациono дежурство, со цел издавање на потребните потврди и останати документи.

12. Да се прекине со работата на библиотеките, студентските и ученичките домови на територијата на Република Северна Македонија, во наредните 14 дена, а вработените лица во овие институции да бидат ослободени од работа во овој период.

13. Вработените лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, како домовите за нега на стари лица и мали групни домови да се изземат од сите заклучоци, мерки и препораки на Владата.

14. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во текот на денешниот ден да објави соопштение во кое ќе се наведе дека ќе се преземат соодветни мерки за сите оние лица кои преку социјалните медиуми објавуваат дезинформации (невистини) на оваа тема, како и за медиумите кои ги пренесуваат овие информации.

15. Економските ресори на Владата будно ја следат состојбата во економијата и стопанството преку домашните економски и финансиски институции, Светската банка и други и врз основа на направените анализи доколку е потребно ќе се пристапи кон воведување на соодветни мерки.

16. Повторно се упатува препораката до приватниот сектор во однос на сите донесени заклучоци, мерки и препораки од Владата за моменталната ситуација.

17. Се задолжува Министерството за здравство, преку центрите за јавно здравје и во соработка со единиците на локалната самоуправа да изврши дезинфекција на сите детски градинки и училишта на територијата на Република Северна Македонија.

18. Се задолжува Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија овие заклучоци, мерки и препораки веднаш да ги објави на веб страницата на Владата и истите да ги достави до сите пишани и електронски медиуми, со цел редовно информирање на граѓаните. Редовното информирање на оваа тема ќе се врши преку Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 3

Владата заклучи:
- Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди/пренамени средства за потребната медицинска опрема за итна јавна набавка и тоа:

1. 50 апарати за механичка вентилација;
2. две термални камери;
3. два мобилни РТГ апарати и
4. реагенси и потрошен материјал (китови) за 1.000 пациенти.

Постапките ќе се спроведуваат како постапка за преговарање без објавување оглас за што Бирото за јавни набавки издава претходно позитивно мислење.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:20 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

Оливер Спасовски